ООУ „Јоаким Крчоски“ Волково,
Ѓорче Петров
Скопје

# Програма
# за организирање екскурзии и излети за учениците од I до IX одделение
# за учебна 2025/2026 година

Скопје, Јули 2025

## ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И НАСТАВА ВО ПРИРОДА

ООУ „Јоаким Крчоски“- планира реализација на следните вонучилишни активности: ученички екскурзии, излети (есенски и пролетен) и настава во природа.

Целите на училишните екскурзии, излети и настава во природа се остваруваат преку:

-Посета на локалитети од културно, историско и друго значење,

-Истражување на објекти и појави во пририодата како и односите во општественоит живот,

-Градење на чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот,

-Запознавање на учениците со културата и различните етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат) со примена на мултикултурализам и меѓуетничка интеграција.

-Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата.

-Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе,

-Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

Во годишната програма за работа на училиштето е приложен планот за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од нашето училиште.

Училишниот одбор со одлука има формирано стручен тим за подготовка на програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Стручниот тим за изработка на програмата за екскурзии во учебната 2025-2026 година го сочинуваат Директорот на училиштето Елеонора Трајковска – Директор и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Јусрен Селмани, Маја Тодоровска,Катица Георгиева,Славица Тренкоска,Даница Павчевиќ, Јашар Исмаили, Нуране Исмаили.

Стручниот тим изготви програма за екскурзии, излети и настава во природа за учебната 2025-2026 година во која се планирани следните вонучилишни активности:

**Централно училиште:**

- Два излети: есенски и пролетен со ученици од I-IX одделение:

Есенски излет за учениците од I до IX одд. кој е планиран да се изведе во манастирот Св. 40 Маченици –с.Орман.

Пролетен излет за учениците од I до IX одд. кој ќе се изведе во манастирскиот комплекс ,,Св.Ѓорѓија,,с.Кучково-Скопје

- Планирана е екскурзија за учениците од III одделение во Маврово.
- Учениците од VI одделение ќе реализираат дводневна екскурзија на релација Скопје-Дојран-Скопје.
- Учениците од IX одделение ќе реализираат тридневна екскурзија на релација Скопје- Охрид - Скопје.
- Училиштето има планирано реализација на настава во природа за учениците од V одделение во траење од 4 дена.

**Подрачно училиште:**
Два излети со ученици од I-IX одделение:

- Есенски излет за учениците од I до IX одд. кој е планиран да се изведе во близина на с.Никиштани на местото ,,Шамак,,
- Пролетен излет за учениците од I до IX одд. кој ќе се изведе на локација Спортско-рекреативен центар Сарај.
- Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение во Тетово.
- Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на релација Скопје-Охрид-Струга- Скопје.
- Тридневна екскурзија за учениците од IX одделение на релација Скопје-Охрид-Струга-Скопје.

Летни и зимски кампови за учениците се реализираат во рамките на зимскиот и летниот распуст на учениците (доколку има интерес од страна на родителите и учениците). Овие кампови се од особена корист за учениците. За реализација на камповите, одговорните наставници доставуваат програма за реализација на летен/зимски камп до училиштето, до БРО и до Советот на Општината. Само со добиена согласност можат да се реализират.
Програмата за реализирање на излети, екскурзии и настава во природа во учебната 2025-2026 година е прикажана во прилози.

Преку училишните екскурзии учениците имаат можност за проширување на знаењата, откривање и истражување на културно- историските локалитети, стопанските објекти, природните убавини на својата татковина како и културно - историските споменици.

ООУ „Јоаким Крчоски“, Волково, Општина Ѓорче Петров за учебната 2025/2026 година бара согласност за реализација на следните три екскурзии со учениците од централното и подрачното училиште, два излети со учениците од централното училиште и два излети со учениците од подрачното училиште како и Настава во природа со учениците од V одд од централното училиште:

**1. Два излети со учениците од I до IX одделение од централното училиште:**
- есенски излет со посета на Манастирот „Св. 40 Маченици“ во с.Орман
- пролетен излет со посета на манастирот ,,Св.Ѓорѓија,, во с.Кучково

**2. Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение од централното училиште во Маврово.**
**3. Една дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на релација Скопје- Дојран- Скопје.**
**4. Една тридневна екскурзија за учениците од IX одделение на релација Скопје-Охрид –Скопје.**

**5. Настава во природа со учениците од V одделение во траење од 4 дена ќе се реализира во Охрид.**
Во прилог доставуваме детално разработени програми за сите екскурзии и излети.

**Подрачно училиште –Никиштани**
**1. Два излети со учениците од I до IX одделение од подрачното училиште:**
- Есенски излет за учениците од I до IX одд. кој е планиран да се изведе во близина на с.Никиштани на местото ,,Шамак,,
- Пролетен излет со посета на Спортско - рекреативен центар - Сарај,Скопје;
**2.Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение на релација Скопје-Тетово-Скопје**
**3.Една дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на релација Скопје-Кичево-Охрид-Струга Скопје**
**4.Тридневна екскурзија за учениците од IX одделение Скопје-Кичево-Охрид-Струга Скопје**
Во прилог доставуваме детално разработени програми за сите екскурзии и излети.

ООУ „Јоаким Крчоски“

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

**Програма**
за организирање есенски излет
за учениците од I до IX одделение од централното училиште
во учебна 2025/2026 година

Скопје, Јули 2025

**Есенски излет за учениците од I до IX одделение**

**Еднодневен излет со посета на манастирот ,,**Св.40 Маченици“ с.Орман

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**
Проширување на знаењата од предметите: Македонски јазик, Ликовно образование, Музичко образование, Историја, Географија, Биологија.
Посета и истражување на историски и верски објекти;
Одмор и рекреација на учениците во еколошки чиста природна средина;
Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците.
Истражување на објекти во непосредната околина,појави во природата.
Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
Создавање на позитивна клима, развивање на другарство, меѓусебно почитување и толеранција;
Развивање еколошка свест за заштита на природата и чување на чиста околина.
**Очекувани исходи:**
Учениците да се запознат со непосредната околина;
Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
Стекнување навика за применување еколошки навики при посета и престој во природа.
**Содржини и активности:**
Тргнување во 9.00 часот од училиште до манастирот ,,Св.40 Маченици“ с.Орман. До дестинацијата се пристигнува пеш. По сместувањето на учениците следува слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците кои ќе ги реализираат заедно со своите одделенски раководители. Разгледување на верскиот објект, разговор, дискусија поврзани со комплексот. Враќањето е околу 13 часот.
**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**
Раководителот на излетот е Игор Анѓелески, предметен наставник кој го именува директорот на училиштето. Одговорни лица се наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение, тоа се одделенските раководители. Наставниците се грижат околу безбедноста на учениците во текот на патувањето до одбраното место и назад до училиште, како и редот, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот.
За време на реализација на излетот учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на излетот и наставниците, треба да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

Во рекреативниот дел од излетот со учениците ќе се реализираат тимски спортови, другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците, слушање музика, набљудување и фотографирање.
Враќањето е во 13 часот од манастирот ,,Св. 40 Маченици“ с.Орман.  до училиштето ,,Јоаким Крчоски“-Волково.

**Време на реализација на излетот:**
Излетот се реализира еден ден, време на реализација е во месец октомври, 2025 година.

**Локации за посета и правци на патување:**
Локација избрана за реализирање на есенскиот излет е манастирот ,,Св. 40 Маченици“ с.Орман. Правци на патување: тргнување од училиште до селото Орман и попатно разгледување на околината.

**Техничка организација:**

Учениците од I до IX одделение ќе бидат навремено информирани околу реализацијата на излетот и треба да добијат писмена согласност од родителите со цел навремено да се реализира и утврди точниот број. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители. Патот од училиште до манастирот ,,Св.40 Маченици,, што се наоѓа во непосредна близина на училиштето (с. Орман) ќе се реализира без финансиски трошоци.
Учениците заедно со одделенските раководители и раководителот на излетот во групи ќе одат пеш со попатно разгледување на околината.
Непосредно пред патувањето директорот ја проверува безбедноста на теренот како и временските услови.
**Начин на финансирање:**
Излетот ќе се реализира без финансиски трошоци за учениците, во непосредна близина на училиштето, во локалитет до кој учениците и наставниците ќе дојдат со пешачење од училиште и по завршувањето на излетот ќе се вратат на истиот начин.

**Тим за изготвување на програма за екскурзии:**
Директорот на училиштето Елеонора Трајковска – Директор и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Јусрен Селмани, Маја Тодоровска,Катица Георгиева,Славица Тренкоска, Даница Павчевиќ, Јашар Исмаили, Нуране Исмаили.

ООУ ”Јоаким Крчоски”

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

**Програма**
за организирање пролетен излет
за учениците од I до IX одделение од централното училиште
во учебната 2025/2026 година

Скопје, Јули 2025

**Еднодневен излет за учениците од I до IX одделение**
**Еднодневен пролетен излет со посета на манастирот ,,Св.Ѓорѓија” во с. Кучково, Скопје;**

**Воспитно-образовни цели на излетот:**
Проширување на знаењата од предметите: Македонски јазик, Ликовно образование, Музичко образование, Историја, Географија, Биологија.
Посета и истражување на историски и верски објекти;
Одмор и рекреација на учениците во еколошки чиста природна средина;
Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците.
Истражување на објекти во непосредната околина,појави во природата.
Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
Создавање на позитивна клима, развивање на другарство, меѓусебно почитување и толеранција;
Развивање еколошка свест за заштита на природата и чување на чиста околина.
Разгледување на манастирскиот комплекс, како и запознавање со условите за живот на жителите во овој крај.

**Очекувани исходи:**
Учениците да се запознат со непосредната околина;
Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
Стекнување навика за применување еколошки навики при посета и престој во природа.
Стекнување навика за посета на локалитетите во Република Северна Македонија.

**Содржини и активности**:
Поаѓање во 8:00 часот од училиште. Од училиштето до манастирот ,,Св.Ѓорѓија,,“ во с.Кучково, Скопје учениците ќе се превезуваат со автобуси. По пристигнувањето учениците ќе го разгледаат местото и ќе го посетат манастирот а заедно со одделенските раководители ќе ја разгледаат убавата природа дискутирајќи за убавините на овој крај. Потоа за учениците следува слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини. Се реализираат штафетни игри, полигони, друштвени игри, различни игри со натпреварувачки карактер. Во игрите вклучени се наставниците по физичко образование и одделенските раководители. Враќањето е околу 13 часот во дворот на училиштето во Волково.

**Задачи на излетот:**

-Развивање на позитивен однос кон објектите во непосредна близина , начинот како неговите жители живеат, нивната култура и друго;
-Поттикнување на позитивни ставови кон другарство, толеранција и мултикултурализам;
-Развивање еколошка свест за заштита на природните богатства на овој предел.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците**:

Раководителот на излетот е Силвана Миленковиќ, предметен наставник кој го именува директорот на училиштето и сите одделенски раководители од I до IX одд. Излетот се реализира во соработка и со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение.

Наставниците се грижат околу организацијата, дисциплината, уредноста и безбедноста на учениците при посетата на локалитетот од поаѓањето до враќањето.

Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализацијата на излетот (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивни специфични потреби). За време на реализација на излетот учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на излетот:**

Излетот се реализира еден ден, време на реализација е во месец мај, 2026 година.

**Локации за посета и правци на патување:**

Локација избрана за реализирање на пролетниот излет е манастирот ,,Св.Ѓорѓија,,“ во с.Кучково, Скопско.

**Правци на патување:** тргнување од училиште преку центар Волково, продолжува на патот кон с. Кучково кое се наоѓа во непосредна близина на Волково (околу 5km.)

**Техничката организација**:

Учениците од I до IX одделение ќе бидат навремено информирани околу реализацијата на излетот и треба да добијат писмена согласност од родителите со цел навремено да се реализира и утврди точниот број. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители.
Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со Правилник за начин на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.
Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

-да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;

-да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;

-да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;

-да понуди најприфатлива цена.

Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности по критериум најниска цена.

На барањето за понуди Комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.

Постапката се спроведува со одлука на Училишниот одбор и комисијата составена од пет членови и тоа три од Совет на родители и два од редот на наставниците.

Од најприфатливата понуда, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата. Во договорот точно се дефинирани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата (превоз на учениците);
- Услови за превоз (превозот на учениците да биде со квалитетен туристички автобус, кој има исправен микрофон и е климатизиран);
- Начин на плаќање – самофинансирање од страна на родителите.
- Водичи, број на наставници (според број на ученици кои ја посетуваат екскурзијата), лекар;
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со доволен број седишта, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за излетот.

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за излетот преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

По добивање на согласностите од родителите директорот на училиштето го најавува излетот во полициска станица и во локалитетот. По добиена согласност од одговорниот на локалитетот училиштето го организира и реализира излетот во договорениот термин.
Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за целите и планираните активности за излетот.

**Тим за изготвување на програма за екскурзии:**

Директорот на училиштето Елеонора Трајковска – Директор и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Јусрен Селмани, Маја Тодоровска,Катица Георгиева,Славица Тренкоска,Даница Павчевиќ, Јашар Исмаили, Нуране Исмаили.

**ООУ ,,ЈОАКИМ КРЧОСКИ “ - Волково**

**Ѓорче Петров**

# ПРОГРАМА

# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА

# ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ

# ВО УЧЕБНАТА 2025/2026г.

Скопје,Јули 2025

**Место на изведување:Национален парк Маврово**

**Време на изведување:април,2026год.**

Еднодневна научна екскурзија за учениците од III одделение.
Екскурзија за учениците од III одделение од централното училиште, во Маврово.

## ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Еднодневна научна екскурзија за учениците од III одделение**
Екскурзија за учениците од III одделение од централното училиште во Национален парк-Маврово. Панорамско разгледување на градот Гостивар, попатна пауза и посета на Вруток –изворот на реката Вардар, Национален парк –Маврово, Мавровско Езеро со набљудување на потонатата црква, посета на музејот, интервју со локалното население,ручек и креативни игри .

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**

Проширување на знаењата од предметите Македонски јазик,Ликовно образование,Општество,Природни науки, Музичко образование;
Посета и истражување на историски и културни објекти;
Развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
Запознавање со културата,работата и начинот на живеење на луѓето од овие краеви;
Создавање на позитивна клима,развивање на другарство,меѓусебно почитување и толеранција.

**Задачи на екскурзијата:**

Запознавање со природните богатства во западниот регион на Република Северна Македонија;
Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
Запознавање со нови места и географски поими;
Развивање интерес за растителниот свет во Националниот парк;
Запознавање со историјатот на Мавровското Езеро;
Запознавање со културата,работата и начинот на живеење на луѓето од овие краеви.

**Очекувани исходи:**

Учениците се интересираат за посетените краеви –Изворот на реката Вардар во Вруток,

Дознаваат за важноста на реката, учат нови географски поими;
Дознаваат за Националниот парк –Маврово, со куса прошетка по патеките го учат и препознаваат растителниот свет;
Стекнуваат навика за истражување, со разгледување на потопената црква во Мавровското Езеро црквата ,,Св.Никола,,.
Интервју со локални вработени од овие предели

**Содржини и активности:**

Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање,одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира, дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците за да може одделенските раководители да го известат лекарот што ќе биде присутен додека трае екскурзијата.

-Тргнување во 8:00 часот од училиште. Патувањето е кон Гостивар со панорамско разгледување на градот. Првата дестинација е с.Вруток каде што учениците ќе имаат можност да го видат изворот на реката Вардар. Тука одделенските наставници им објаснуваат на учениците за некои географски поими како и важноста за зачувување на чиста вода во реките. Потоа се упатуваат кон Националниот парк –Маврово каде што учениците ќе имаат можност да направат кратка прошетка и да ги препознаваат изучените видови дрвја, растенија, да се дружат и да се фотографираат. Потоа се упатуваат кон с. Леуново покрај Мавровското Езеро. Учениците ќе ја видат убавината на овој предел и ќе научат од своите наставници за тоа дека езерото се полни од помали притоки, но и од поголемата река Радика, дека  канализираните води од оваа река се користат за добивање електрична енергија, дека секоја зима ова езеро замрзнува. Најважниот дел од ова набљудување е да се објасни како настанало езерото и зошто во него има потоната црква. На овие прашања наставниците ќе им раскажат, а доколку има можност да се разговара со локален вработен во некој од објектите и слично,тогаш учениците ќе може да добијат одговори на повеќе прашања. Учениците ќе ја  набљудуваат потонатата црква,, Св.Никола,, (која била изградена во 1850 година а со изградбата на хидросистемот ,,Маврово,, и Мавровското Езеро, таа се наоѓа под вода). Во поново време во периоди на суши, црквата може да се види бидејќи го задржала својот облик како и камбанаријата. Потоа учениците ќе ручаат, ќе се рекреираат, ќе другаруваат и може да се направат интересни креативни работилници со кои ќе можат да ги применат знаењата од ликовно образование и да ги набојат боите на природата како и да ги напишат своите импресии од новото доживување.Се води разговор за посетените места и се дава насока за изработка на портфолио за посетените места, кое ќе се изработи на следниот одделенски час. Учениците пристигнуваат во местото на живеење во 16:00 часот попладне, или не подоцна од 17:00 часот.

**Обврски на раководителот,наставниците, учениците**

Раководител на екскурзијата е Тања Анѓелкоска, наставник именуван од директорот.
Одговорни наставници се Даница Павчиќ и Тања Анѓелкоска -одделенски раководители во III-1и III-2 одделение и одговорно лице (водич) од избраната агенција. Екскурзијата ќе биде придружувана од лекар кој се грижи за здравјето на учениците.

Наставниците попатно ќе им објаснуваат на учениците за значењето на објектите, локалитетите, видот на патиштата, населението и историјата на посетените места. Учениците изработуваат портфолио (реферати, фотографии) од екскурзијата. Раководителот се грижи околу сместувањето на учениците во автобусот, се грижи околу редот, дисциплината и уредноста при посетата на културно - историските споменици како и за безбедноста на учениците од поаѓање до враќање.

Родителите на учениците ќе бидат навремено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целите на истата при што е неопходна писмена согласност од родителите. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивните специфични потреби). За да може успешно да се реализира екскурзијата потребни се најмалку 30% позитивна согласност од родителите. За учениците кои не одат на екскурзија училиштето ќе организира редовна настава.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Време на реализација на екскурзијата:**

Наставно-научната екскурзија за трето одделение е еднодневна, време на реализација е месец октомври/април 2025/26 година.

**Локации за посета и правци на патување:**

Тргнување во 8:00 часот од училиште. Патувањето е кон Гостивар со панорамско разгледување на градот. Првата дестинација е с.Вруток каде што учениците ќе имаат можност да го видат изворот на реката Вардар. Тука одделенските наставници им објаснуваат на учениците за некои географски поими како и важноста за зачувување на чистата вода во реките и езерата. Потоа се упатуваат кон Националниот парк –Маврово каде што учениците ќе имаат можност да направат куса прошетка и да ги препознаваат изучените видови дрвја,растенија,ендемски

видови на растенија , да се дружат и да се фотографираат. Стигнуваат во с.Леуново и  покрај Мавровското Езеро. Од тука може да ја набљудуваат потонатата црква,, Св.Никола,, која била изградена во 1850 година а со изградбата на хидросистемот ,,Маврово,, и Мавровското Езеро, таа се наоѓа под вода. Во поново време во периоди на суши, црквата може да се види, бидејќи го задржала својот облик како и камбанаријата.  Учениците ќе направат куса пауза за ручек, а потоа ќе можат да ги применат знаењата од ликовно образование па да ги набојат боите на природата.
Во меѓувреме преку игра дознаваат и учат за некои ендемски видови на растенија , птици, влекачи и диви животни. Учениците може да се направат интервју со вработени во Националниот парк и да си направат прибелешки за податоците.
Потоа учениците со своите раководители на екскурзијата се враќаат до училиштето во Волково најдоцна до 17:00 часот.

**Техничка организација :**

По добивање на мислење за реализација на екскурзијата од БРО, Совет на родители и Совет на општината програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава свое одобрение за изведување на екскурзијата. Со одлука на Училишниот одбор се формира комисија од пет членови ( три члена од редот на Совет на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците.) Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.
Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- да биде најприфатлива цена;
- Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности според предвидените критериуми утврдени од страна на училиштето.

На барањето за понуди Комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.

Постапката се спроведува со одлука на Училишен одбор и комисијата составена од пет членови (три од Совет на родители и два од редот на наставниците).
Од најприфатливата понуда, директорот склучува договор, во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата. Во договорот точно се дефинирани следните елементи:

-Поединечна и вкупна цена на услугата;
-Услови за сместување, мени за исхрана и превоз;
- Водичи, број на наставници според бројот на ученици и доктор;
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број седишта во автобусите, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, бројот на ангажирани автобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.
Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**
Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за екскурзијата. Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на уплатница со одредената сума ( преку жиро сметка).
По добивање на согласност од родителите,директорот на училиштето ја најавува екскурзијата во полициска станица и во локалитетот. По добиената согласност, од локалитетот училиштето ја организира и реализира еднодневната екскурзија во договорениот термин. Одделенските раководители писмено ги известуваат родителите за целите и планираните активности за екскурзијата.

**Тим за изготвување на програма за екскурзии:**

Директорот на училиштето Елеонора Трајковска – Директор и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Јусрен Селмани, Маја Тодоровска,Катица Георгиева,Славица Тренкоска,Даница Павчевиќ, Јашар Исмаили, Нуране Исмаили.

ООУ ”Јоаким Крчоски”

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

# Програма
# за организирање дводневна екскурзија
# за учениците од VI одделение
# во учебната 2025/2026 година

Скопје, Јули 2025

**Место за изведување: хотелско сместување во објект со три ѕвезди во Дојран**

**Време на изведување: Октомври/Април, 2025/26 година.**

Стручниот тим за организирање и реализација на екскурзии под раководство на директорот на училиштето и во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности ја изготви следната програма за дводневна екскурзија на учениците во учебната 2025/2026 година:
Дводневна научна екскурзија за учениците од VI одделение.
Се планира дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на следната релација: Скопје-Пробиштип-Штип-Струмица-Дојран-Велес-Скопје.

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**

Проширување на знаењата од предметите: Географија,Биологија, Македонски јазик, Ликовно образование, Историја; Музичко образование.
Посета и истражување на историски и верски објекти;
Запознавање со културата, животот, работата и начинот на живеење на луѓето во Источна Македонија;

**Задачи на екскурзијата:**

Изучување на историските и верските објекти во источниот регион на Република Северна Македонија;
Градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Република Северна Македонија;
Развивање на позитивен став на учениците кон: историските, националните, културните и естетските вредности;
Поттикнување и манифестирање на меѓусебно почитување, другарување, одговорност и грижа за себе и другите.

**Очекувани исходи:**

Учениците се запознаени со градовите Пробиштип, Штип,Струмица, Дојран,Велес, културно –историските и верски објекти како и природните убавини на овие краеви;
Учениците знаат за обележјата и историското минато на пределите кои ги посетиле, стекнуваат научни знаења и формираат критички ставови;
Успешна социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
Учениците се запознаени со културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во посетените места и нивниот соживот;
Стекнување навика за посета на верски објекти и културни споменици и обележја;

Учениците применуваат еколошки навики, меѓусебно се почитуваат, се однесуваат одговорно кон себе и кон другите.

**Содржини и активности:**

**Прв ден:** Тргнување од училиште во 7.30 ч. Првата дестинација е Пробиштип со посета на манастирот ,,Св. Гаврил Лесновски,,- с.Лесново. Потоа се продолжува накај градот Штип со посета на археолошкиот локалитет Баргала. Од Штип групата се упатува кон Струмица и манастирот ,,Успение на Пресвета Богородица,,-Елеуса и манастирот ,,Св. Леонтиј,,-Водоча. Овие два манастири се споменици на културата и сведочат за византиската уметност и архитектура. Следната прошетка на учениците е кај ,,Колешински водопади,, каде што ќе можат да се запознаат со природните убавини на овој крај. Последната дестинација предвидена за првиот ден е градот Дојран. Во Дојран се сместуваат во хотел, следува дружење, вечера и ноќевање.

**Втор ден:** Појадок во хотелот и прошетка во блиската околина покрај самото езеро. Разговор со локални рибари за специфичниот начин на ловење риби, ловењето во мандрите, со помош на птиците корморани, за лековитата кал. Прошетка по прекрасната патека, фотографирање. Учениците може да се запознаат со легендата за Дојрана и да се фотографираат кај споменикот што е на самото шеталиште во градот. Враќање во хотелот за ручек, напуштање на собите и враќање за Скопје со панорамско разгледување на градот Велес. Предвидено е пристигање во Скопје најдоцна до 19 часот.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на екскурзијата е Маријана Дејкоска, наставник именуван од директорот.

Одговорни наставници се Катица Георгиева и Маријана Дејкоска -одделенски раководители во VI1 и VI2 одделение и одговорно лице (водич) од избраната агенција. Екскурзијата ќе биде придружувана од лекар кој се грижи за здравјето на учениците.

Наставниците попатно ќе им објаснуваат на учениците за значењето на објектите, локалитетите, видот на патиштата, населението и историјата на посетените места. Учениците изработуваат портфолио (реферати, фотографии) од екскурзијата. Раководителот се грижи околу сместувањето на учениците во автобусите и во хотел. се грижи околу редот, дисциплината и уредноста при посетата на културно - историските споменици како и за безбедноста на учениците од поаѓање до враќање.

Учениците ќе бидат навремено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целите на истата при што е неопходна добиена писмена согласност од родителите. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивните специфични потреби). За да може успешно да се реализира екскурзијата потребни се најмалку 30% позитивна согласност од родителите. За учениците кои не одат на екскурзија училиштето ќе организира редовна настава.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на екскурзијата:**
Екскурзијата е дводневна (со едно ноќевање), време на реализација е во месец октомври/април 2025/26 година.
**Техничка организација:**
Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира, дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците на одделенските раководители, а тие за истите го известуваат лекарот пред непосредно поаѓање. Време на поаѓање, термини за одмор и исхрана, сместување со едно ноќевање во хотел, време за оброци во хотелот со мени на исхрана, термин за пристигнување назад во Волково. Во вид на писмена информација учениците добиваат и препорака за неопходната гардероба, здравствена книшка и прибор за лична хигиена кои треба да ги понесат со себе (неопходни за дводневна екскурзија).
По добивање на мислење за реализација на екскурзијата од Совет за родители, Совет на Општина и БРО, програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава свое одобрение за изведување на екскурзијата.
Со одлука на Училишниот одбор се формира Комисија од пет членови (три члена од редот на Совет на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците). Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.
Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- да понуди најприфатлива цена.

Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности по критериум најниска цена.

На барањето за понуди комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.

Постапката се спроведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет членови (три од Совет на родители и два од редот на наставниците).

Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата. Во договорот точно се дефинирани следните елементи:

- -Поединечна и вкупна цена на услугата;
- -Услови за сместување, исхрана и превоз на учениците со квалитетен туристички автобус (да има исправен микрофон и да биде климатизиран);
- -Начин на плаќање;
- -Водичи, број на наставници (според број на ученици кои ја посетуваат екскурзијата), лекар;
- -Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број седишта во автобусите, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за екскурзиите.

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

**Тим за изготвување на програма за екскурзии:**

Директорот на училиштето Елеонора Трајковска – Директор и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Јусрен Селмани, Маја Тодоровска,Катица Георгиева,Славица Тренкоска,Даница Павчевиќ, Јашар Исмаили, Нуране Исмаили.

ООУ ”Јоаким Крчоски”

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

Програма
за организирање тридневна екскурзија
за учениците од IX одделение
во учебната 2025/2026 година

Скопје, Јули 2025

**Место за изведување: хотелско сместување во објект со три ѕвезди во Охрид**

**Време на изведување: Октомври/Април, 2025/26 година.**

Стручниот тим за организирање и реализација на екскурзии под раководство на директорот на училиштето и во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности ја изготви следната програма за тридневна екскурзија на учениците од IX одделение во учебната 2025/2026 година:

**Тридневна научна екскурзија за учениците од IX одделение**
Се планира тридневна екскурзија за учениците од IX1 и IX2 одделение на следната релација Скопје – Велес- Прилеп –Битола – Ресен – Охрид – Струга – Охрид – Кичево - Скопје.
Поаѓање од училиште, со панорамско разгледување на градот Велес. Првата дестинација предвидена за оваа екскурзија е градот Прилеп каде што се предвидува куса прошетка низ овој град, разгледување на околината,запознавање со локалните сопственици на дуќани и работата со која се занимаваат. Потоа следи посета на куќата на Блаже Конески во с.Небрегово. Од Прилеп, групата се упатува кон Битола со посета на Спомен-собата на Мустафа Кемал Ататурк, прошетка низ градот Битола, запознавање со архитектурата на овој град, неговата култура и традиција. Потоа преку Ресен (панорамско разгледување на градот) се пристигнува во Охрид ,сместување во хотел,дружење,вечера и ноќевање.
**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**
Совладување и проширување на знаењата од предметите: Историја, Географија, Биологија, Македонски јазик .Ликовно образование,Музичко образование.
Посета и истражување на историски и верски објекти;
Примена на вештини и ставови за непосредно запознавање со културата, животот, работата и начинот на живеење на луѓето во посетениот крај.
**Задачи на екскурзијата:**
Истражување на историските и верските објекти во централниот и западниот регион на Република Северна Македонија;
Градење на чуство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Република Северна Македонија;
Развивање на позитивен однос на учениците кон историските, националните, културните и естетските вредности на посетениот крај;
Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, толеранција и соработка;
Запознавање со културата на луѓето и нивниот начин на живеење.

**Очекувани исходи:**
Учениците да се запознат со градовите Велес, Прилеп, Битола, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, културно - историските локалитети и природните убавини на овие краеви;
Учениците дознаваат за обележјата и историското минато на пределите кои ги посетиле, стекнуваат научни знаења и формираат критички ставови;
Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
Учениците да ја запознаат културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во посетените места и нивниот соживот;
Стекнување навика за посета на верски објекти и културни споменици и обележја;
Учениците да стекнат интерес за природата и да применуваат еколошки навики, одговорност, точност, уредност и грижа за себе.

**Содржини и активности:**
Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците на одделенските раководители, а тие за истите го известуваат лекарот пред непосредно поаѓање. Време на поаѓање, термини за одмор и исхрана, сместување со две ноќевања во хотел, време за шест оброци во хотелот со мени на исхрана, термин за пристигнување назад во Волково. Во вид на писмена информација учениците добиваат и препорака за неопходната гардероба, здравствена книшка и прибор за лична хигиена кои треба да ги понесат со себе (неопходни за тридневна екскурзија).

**Прв ден:** Поаѓање од училиште во 7.30 часот  со панорамско разгледување на градот Велес. Првата дестинација предвидена за оваа екскурзија е градот Прилеп каде што се предвидува куса прошетка низ овој град, разгледување на околината,запознавање со локалните сопственици на дуќани и работата со која се занимаваат. Потоа следи  посета на куќата на Блаже Конески во с.Небрегово. Од Прилеп, групата се упатува кон Битола со посета на Спомен-собата на Мустафа Кемал Ататурк, прошетка низ градот Битола, запознавање со архитектурата на овој град, неговата култура и традиција. Потоа преку Ресен (панорамско разгледување на градот) се пристигнува во Охрид , сместување во хотел, дружење, вечера и ноќевање.

**Втор ден:** Појадок во хотелот, тргнување за св.Наум и посета на манастирскиот комплекс ,,св.Наум,,Враќање во хотелот за ручек, попладневен одмор. Во попладневните часови може да се  посети  Хидробиолошкиот завод и

Билјанини извори, куса прошетка низ паркот, фотографирање. Покрај пристаништето учениците ја продолжуваат прошетката низ стариот дел на градот каде што учениците се запознаваат со специфичната архитектура на куќите препознатливи за овој крај. Посета на црквата св.Софија која датира од XI век а денеска е место каде што се одржуваат културни манифестации, концерти и слично.  Потоа следува рекреативна прошетка, фотографирање покрај езерото, дружење, вечера и ноќевање во хотелот.

**Трет ден:** Појадок во хотелот, поаѓање за Струга во Природно-научен музеј и Спомен-дом на ,,Браќа Миладиновци,,. прошетка покрај реката ,,Црн Дрим,,набљудување на реката како излегува од Охридското езеро, прошетка низ чаршијата,разговор со локалното население за животот и работата во овој крај,  враќање за ручек во хотелот. Подготовка и поаѓање за Скопје преку Кичево во попладневните часови, пристигнување во Скопје, Волково најдоцна до 19 часот.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на екскурзијата е Кире Николоски, наставник именуван од директорот. Одговорни наставници се одделенските раководители Кире Николоски и Славица Тренкоска на паралелките од IX1 и IX2 одделение како и одговорно лице (водич) од избраната агенција. Екскурзијата ќе биде придружувана од лекар кој ќе се грижи за здравјето на учениците.

Наставниците попатно ќе им објаснуваат на учениците за значењето на објектите, локациите, видот на патиштата, населението и историјата на посетените предели. Учениците изработуваат портфолио составено од реферати за посетените места. Раководителот се грижи околу сместувањето на учениците во автобусите и сместувањето во хотел, околу редот, дисциплината и уредноста при посетата на културно - историските споменици како и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

Учениците ќе бидат навремено и писмено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целите на истата при што е неопходна добиена писмена согласност од родителите за посетената екскурзија. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивни специфични потреби). Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целта на истата и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 30% од родителите екскурзијата нема да се реализира. За учениците кои не одат на екскурзија училиштето ќе организира редовна настава.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на екскурзијата:**
Екскурзијата е тридневна (со две ноќевања) време на реализација е во месец Октомври/Април, 2025/26 година.

**Техничка организација:**
Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира, дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците на одделенските раководители, а тие за истите го известуваат лекарот пред непосредно поаѓање. Време на поаѓање, термини за одмор и исхрана, сместување со две ноќевања во хотел, време за шест оброци во хотелот со мени на исхрана, термин за пристигнување назад во Волково. Во вид на писмена информација учениците добиваат и препорака за неопходната гардероба, здравствена книшка и прибор за лична хигиена кои треба да ги понесат со себе (неопходни за тридневна екскурзија).
По добивање на мислење за реализација на екскурзијата од Совет за родители, Совет на Општина и БРО, програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава свое одобрение за изведување на екскурзијата.
Со одлука на Училишниот одбор се формира Комисија од пет членови (три члена од редот на Совет на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците). Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.
Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- да понуди најприфатлива цена.

Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности по критериум најниска цена.
На барањето за понуди комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.

Постапката се спроведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет членови (три од Совет на родители и два од редот на наставниците).
Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата. Во договорот точно се дефинирани следните елементи:

- -Поединечна и вкупна цена на услугата;
- -Услови за сместување, исхрана и превоз на учениците со квалитетен туристички автобус (да има исправен микрофон и да биде климатизиран);
- -Начин на плаќање;
- -Водичи, број на наставници (според број на ученици кои ја посетуваат екскурзијата), лекар;
- -Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број седишта во автобусите, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани аутобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.
Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**
Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за екскурзијата.
Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

**Тим за изготвување на програма за екскурзии:**
Директорот на училиштето Елеонора Трајковска – Директор и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Јусрен Селмани, Маја Тодоровска,Катица Георгиева,Славица Тренкоска,Даница Павчевиќ, Јашар Исмаили, Нуране Исмаили.

ООУ „Јоаким Крчоски“ – Волково, Скопје

**Програма**

За организирање и реализација на настава во природа во текот на учебната 2025/2026 година
со учениците од V одделение од централното училиште

Скопје, Јули 2025

**НАСТАВА ВО ПРИРОДА**

**Место за изведување: хотелско сместување во објект со три ѕвезди во Охрид**

**Време на изведување: април - мај, 2025/26 година**

Врз основа на Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година и Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите воннаставни активности на учениците од основните училишта, стручниот тим ја изготви следнава Програма за изведување Настава во природа за учениците од V одделение во Охрид:

**Воспитно образовни цели:**

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- Запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат), за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата.
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе и развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење;

- Запознавање  со природното, културното и историското наследство;
- Развивање патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја;
- Потикнување на  развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита;
- Почитување на  традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај;
- Развивање љубопитност (да се поставуваат прашања и да се одговара на нив);
- Применување на стекнатите знаења во училницата, во конкретни ситуации на терен;
- Запознавање со стопанскииот развој на овој крај, соработка со останатите делови на татковината и нивна сообраќајна поврзаност;
- Проширување на знаењата за релјефот, климата, истечните води, растителниот и животинскиот свет и други карактеристики за развивање на  способности кај учениците (мисловни способности, разни мануелни спосбности);
- Поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос и трајност на стекнати знаења);
- Развиваат самостојност, трудољубивост, уредност, точност, одговорност, пријателство, толеранција, љубопитност, критичност;
- Развиваат правилен однос кон тимската работа;
- Развивање на почит кон познатите и заслужните личности, љубов и негување на нашата богата традиција.

**Задачи**:

- Да стекнат нови знаења за природата и нејзините убавини;
- Изучување и истражување на објекти  и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- Да развијат позитивни навики за соживот и надминување на националните, социјалните и други разлики кои постојат меѓу нив;
- Меѓусебно подобро да се запознаат и  да го продлабочат другарството.

**Содржини и активности по денови:**

| **Ден** | **Содржини и активности** | **Активности по предмети за  првиот  ден** |
|---|---|---|
| 1. | Тргнување од местото на живеење со набљудувања<br>Течение на реката Вардар со Дервенска Клисура и Полошка Котлина<br>Вруток - извор на река Вардар<br>Планина Бистра, Национален парк Маврово и Мавровско Езеро<br>Кањон на река Радика и природните убавини на нашите планини<br>ХЕЦ Шпиље, Глобочица и  Косоврасти Бањи<br>Посета на манастир „Свети великомаченик Георгиј Победоносец“ – с. Рајчица<br>Посета на Вевчани и Вевчански водопади<br>Учениците да се запознаат со природните богатства во западниот регион на Република Северна Македонија<br>Пристигнување во хотел во попладневните часови<br>Реализирање настава во конгресна сала<br>Претставување на делот на забавната програма | **Македонски јазик:**<br>Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови.<br>- Опишување ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени)<br>„По пат до Охрид“.<br>**Математика:**<br>*Должина*<br>Решавање проблемски ситуации со користење мерни единици за должина во метри и километри.<br>**Физичко и здравствено образование:**<br>Одење по нерамен терен. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Посета на манастирот „Св. Наум“, изворите на реката Црн Дрим, ресторанот „Острово“<br>Посета на работилница за Охридски бисери<br>Посета на Музејски комплекс „Музеј на вода“ и праисториска езерска наколна населба „Заливот на коските“<br>Реализирање настава во конгресна сала<br>Попладневна прошетка покрај Охридското Езеро, запознавање со околината и крајбрежјето на езерото<br>Забавни игри | **Активности по предмети за вториот ден**<br><br>**Македонски јазик:**<br>Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови.<br>- Опишување ликови, пејзажи, појави, објекти (групна активност).<br>**Математика:**<br>*Време*<br>Проценување потребно време во часови, минути и секунди за реализација на одредена активност и проверка на проценката со истражување.<br>**Ликовно образование:**<br>Цртање и сликање на тема „Живиот свет во и покрај Охридското Езеро“ - (изработка на плакат). |
| 3. | Плоштад на град Охрид<br>Разгледување на стариот дел на градот Охрид<br>Посета на работилница за изработка на хартија<br>Посета на спомен куќата на браќата Робевци<br>Посета на копаничарска работилница<br>Посета на црква „Св. Софија“<br>Посета на Антички амфитеатар<br>Посета на „Св. Пантелејмон“ - Плаошник, Музеј на словенска писменост<br>Разгледување на Самоилова тврдина<br>Посета на црква „Св. Јован Богослов – Канео“<br>Разгледување на архитектурата на градот Охрид<br>Реализирање настава во конгресна сала<br>Работа по групи<br>Спортски и забавни игри | **Активности по предмети за третиот ден**<br><br>**Македонски јазик:**<br>Факти и мислења.<br>Креирање медиумска содржина преку која се пренесуваат факти (изработка на книга за посетените места).<br>**Историја и општество:**<br>Историски извори.<br>Поврзување на различни видови историски извори со институциите во кои се чуваат истите (архив, музеј, библиотека).<br>**Музичко образование:**<br>Слушање македонски песни<br>(„Билјана платно белеше„...).<br>Танци |
| 4. | Реализирање настава во конгресна сала, искажување импресии и доживувања од престојот во градот Охрид | **Активности за четвртиот ден** |

| | | |
|---|---|---|
| | Тргнување од хотелот<br>Посета на градот Струга, прошетка, разгледување на архитектурата на стариот град Струга, центарот на градот, чаршијата и дуќаните со старите занаети<br>Посета на Спомен куќата на Браќа Миладиновци и Природо - научен музеј „Никола Незлобински“<br>Разгледување на течението на реката Црн Дрим и нејзиното истекување од езерото<br><br>Пристигнување во Волково во 18 часот. | **Македонски јазик:**<br>Народно творештво (народна поезија, народни приказни).<br>Воочување на разликите меѓу литературно и народно творештво според авторството, содржината и јазикот (истаржување за Браќа Миладиновци).<br>Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови.<br>Раскажување настан по сопствено доживување.<br>**Математика:**<br>Читање, собирање, организирање, средување и претставување податоци.<br>Интерпретирање податоци претставени со табели и дијаграми<br>*Должина, маса и зафатнина*<br>Решавање проблемски ситуации со користење мерни единици (должина, маса, зафатнина).<br>Практични изработки.<br>Пресметување на плоштина на простории во одморалиштето<br>Активност - Мерење должина, ширина, пресметување на плоштина на соба, трпезарија, двор (работа во групи)<br>**Историја и општество:**<br>Населението, површината и местоположбата на Република Северна Македонија<br>Ги опишува Охридското Езеро, градот Охрид, градот Струга, реката Црн Дрим (групна активност)<br>**Музичко образование:**<br>Пеење песни по слух<br>Пее песни по слух со текст, во одреден ритам и интонација, со одредено темпо и динамика<br>Пее во група со усогласено темпо, динамика и ритам и нивни промени |

| Помошни средства за реализација на програмата | |
|---|---|
| **Дидактички помагала и извори** | **Други помошни средства** |
| дневен печат, ревии, весници<br>слики, модели, фолии, ТВ емисии<br>дневник за набљудување на ученикот<br>учебник од природни науки и општество за V одделение<br>наставни ливчиња<br>крстозбор<br>историска читанка | фломастери<br>налепници<br>ножици<br>лепак<br>темперни бои<br>четки<br>глина<br>листови од блок |
| **Соработници** | |
| **Внатрешни** | **Надворешни** |
| Актив на одделенска настава<br>Психолог<br>Наставник по историја<br>Наставник по географија | Родители |

**Опис на активностите по денови:**

| Ден | Ученици | Наставници - ментори |
|---|---|---|
| 1 | Разгледување на попатните знаменитости:<br>Течение на реката Вардар со Дервенска Клисура и Полошка Котлина<br>Вруток - извор на река Вардар<br>Планина Бистра, Национален парк Маврово и Мавровско Езеро<br>Кањон на река Радика и природните убавини на нашите планини<br>ХЕЦ Шпиље, Глобочица и Косоврасти Бањи<br>Посета на Вевчани и Вевчански водопади<br>Пристигнување во хотел во попладневните часови<br>Реализирана настава во конгресна сала | Бара простор за работа, работата тече во творечки дух, советува, помага при потешкотии, ја проверува работата на учениците, ги насочува кон самостојност, творечка работа, снаодливост и спретност, помага при обликувањето и претставувањето на работата во групата. |
| 2. | Прошетка низ градот Охрид<br>Посета на манастир „Св. Наум“, изворите на реката Црн Дрим и ресторанот „Острово“<br>Посета на работилница за Охридски бисери<br>Посета на Музејски комплекс „Музеј на вода“ и праисториска езерска наколна населба во „Заливот на коските“<br>Реализирана настава во конгресна сала | Менторот ги известува учениците за планираните посети, ги води и насочува, разговара за животот и работата на луѓето од охридскиот крај, ја подготвува работата на групата, помага и насочува. Однапред се договара за набљудувањето, |

| | | |
|---|---|---|
| | **Попладневна прошетка покрај Охридското Езеро, запознавање со околината и крајбрежјето на езерото** | **подготвува материјали, ја подготвува и насочува попладневната работа, дава совети, ја подготвува работата и помага на групата од учениците.** |
| **3.** | **Прошетка низ Плоштад на град Охрид**<br>**Разгледување на стариот дел на градот Охрид**<br>**Посета на работилница за изработка на хартија**<br>**Посета на спомен куќата на браќата Робевци**<br>**Посета на копаничарска работилница**<br>**Посета на црква „Св. Софија“**<br>**Посета на Антички амфитеатар**<br>**Посета на „Св. Пантелејмон“ - Плаошник**<br>**Разгледување на Самоилова тврдина**<br>**Посета на црква „Св. Јован Богослов - Канео“**<br>**Разгледувањ на архитектурата на градот Охрид**<br>**Разгледување на пристаништето на градот Охрид, охридската чаршија и дуќаните со старите занаети**<br>**Посета на слаткарница- сладолед** | **Менторот ги известува учениците за планираните посети, ги води и насочува, разговара за животот и работата на луѓето од овој крај во минатото, подготвува се што е потребно за работа на групите, соработува и го насочува обликувањето на колективната збирка и подготвува литература.** |
| **4.** | **Реализирање настава во конгресна сала, искажување импресии и доживувања од престојот во градот Охрид**<br>**Одјавување и тргнување од хотелот**<br>**Посета на градот Струга, прошетка, разгледување на архитектурата на стариот град Струга, центарот на градот, чаршијата и дуќаните со старите занаети**<br>**Посета на Спомен куќата на Браќа Миладиновци и Природо - научен музеј „Никола Незлобински“**<br>**Разгледување на течението на реката Црн Дрим и нејзиното истекување од езерото**<br><br>**Пристигнување во Волково во 18 часот.** | **Ја уредува изложбата (плакат, информативна книга, дневник на набљудување, хербариум, цртежи, макети на стари куќи и на споменици на културата, лични творби) и подготвува награди бара простор за работа, а работата тече во творечки дух, советува, помага при потешкотии, ја проверува работата на учениците, ги насочува кон самостојност, творечка работа, снаодливост и спретност, помага при обликувањето и претставувањето на работата во групата.** |

## Резултати:

По темелната претходна подготовка на училиште, менторите на групите, ги запознаваат учениците со задачите на истражувањето. Укажуваат дека секој член на групата мора да соработува при обликувањето на програмата за работа. Заедно ќе побараат што и како ќе набљудуваат и што ќе употребуваат.

Ќе состават задачи од типот:

- Кои убавини очекуваат да ги видат за време на наставата во природа?

- Какво е влијанието на релјефот, надморската височина и близината на езерата врз климата?
- Какво е значењето на реките и езерата за животот и работата на луѓето?
- Какво е значењето на спомениците на културата за еден народ?
- Од какво значење е ширењето на словенската писменост за македонскиот народ?
- Од какво значење се природните богатства за луѓето и државата во која живееме?
- Како да се развива еколошката свест кај нас?
- Како да ги негуваме и заштитиме културно - историските споменици?
- Зошто Македонија има извонредни услови за развивање на повеќе видови на туризам?

Предлози за изработка на изложба.

**Учениците треба да изработат:**

**<u>Пред поаѓање</u>:**

Информативна книга;
Културно - забавна програма;
Ритмички движења за песната „Билјана платно белеше“;
На Интернет да најдат и зачуваат податоци за градовите кои ќе ги посетиме.

**<u>За време на наставата во природа</u>:**

Дневник на набљудување;
Збирка од археологија (керамички предмети);
Збирка од собрани лековити растенија;
Албум од фотографии од посетите и прошетките.

**<u>Договорени активности</u>:**

Да ги набљудуваат спомениците на културата;
Да водат дневник на набљудување;
Да ги посетат предвидените споменици на културата и спомен куќи;
Да направат интервју со кустос, историчар, занаетчии, рибар, пекар и друго;
Да ја претстават својата работа на групите;
Да организираат изложба;
Да организираат забавни игри.

**<u>Утврдувања, сознанија и заклучоци кои треба да се реализираат по завршувањето на активностите</u>:**
Постојат различни видови на споменици на културата;
Спомениците на културата и предметите од минатото можат да се поделат според времето кога настанале;
Спомениците и предметите од минатото се одржуваат на специфичен начин;
Секоја религија има свој храм (објект кој го посетуваат верниците);
Човековата негрижа ги уништува спомениците од минатото, како и природните убавини и богатства;
Прифаќање на потребата за заштита на спомениците;
Прифаќање на загрозеноста на занаетчиството;
Воочување на поврзаноста на туризмот со спомениците на културата и културата на живеењето;
Секое подрачје има своја специфична флора и фауна.

**Распоред на задачите во групата:**

Задачите во групата се определуваат според интересот на учениците. Се определува точно кој ќе набљудува и кој ќе проучува. Работата треба да тече според дадениот план. Начинот на работа на групата го следат и насочуваат наставниците – ментори.

**ПРВ ДЕН**: Учениците ќе посетат повеќе места. За време на патувањето податоците ќе ги прибираат во посебна тетратка и врз основа на забележаните податоци ќе подготват извештај на крајот од денот. Навечер накратко ќе ја презентираат својата работа.

**ВТОР ДЕН:** Учениците ќе ги посетат околните места, крајбрежјето на Охридското Езеро. Ќе разговараат и прават интервју со стари граѓани на рибарските населби – рибари и земјоделци. Потоа ќе ја посетат населбата на вода. Сознанијата ќе ги запишуваат во својот дневник за набљудување. Во конгресната сала ќе ги средуваат впечатоците и ќе прават извештаи од извршената посета. Учениците ќе изработат информативна книга, лични творби и плакат за сознанијата на групата.

**ТРЕТ ДЕН**: Учениците ќе го посетуваат градот Охрид и неговите знаменитости. Ќе спроведат интервју со занаетчии, кустоси, индустриски работници, ќе запишуваат податоци и ќе набљудуваат. Тие ќе приберат материјали и ќе го пополнуваат дневникот. Поделени во групи, учениците ќе изработуваат икони, архелошки накит и керамика, макети на стари куќи и слично.

**ЧЕТВРТИ ДЕН:** Учениците ќе ја подготват изложбата и ќе ја претставaт својата работа. Потоа ќе се подготват за враќање во местото на живеење. За време на патувањето ќе го посетат градот Струга, ќе фотографираат и посетата ќе ја одбележат со читање реферат за истата.

**Очекувани завршни резултати и констатации:**

*Учениците:*

- Да се запознаат со природните богатства во западниот регион на Република Северна Македонија;
- Да дознаат за обележјата и историското минато на пределите кои ќе ги посетат, стекнат и формираат критички ставови;
- Да се социјализираат, меѓусебно да другаруваат, колективно да се заштитуваат и да бидат одговорни;
- Да ја запознаат културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во местото и нивниот соживот;
- Да стекнат навика за посета на верски објекти и обележја;
- Да стекнат интерес за природата и да развиваат еколошки навики;

Теренската работа треба да овозможи подобро запознавање и разбирање на околината во која живееме, таа учениците ги поставува во нова, неочекувана положба, ги става пред решавање на проблеми и подетално набљудување. Стекнатото знаење не мора да биде широко, но сепак да биде поквалитетно и подлабоко. Социјализацијата е од големо значење бидејќи начинот на работа учениците ги поттикнува кон творечки – тимски начин на работа, пренесување и поврзување на различни сознанија до заедничко решение на проблемот. Таква форма на работа е подобра и ученикот и наставникот се позадоволни. Минатото со своите белези - спомениците на културата и занаетчиството за учениците можеб се едни од потешките цели. Набљудувањето на „белезите на минатото" им е туѓо, затоа може да се појави отпор и незадоволство. Меѓутоа, ќе се изнајде начин на потопло и поедноставно доближување до истите, за да предизвика поголема љубопитност.

Објектот во кој учениците ќе бидат сместени мора да има најмалку една училница опремена според нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште. Дел од активностите ќе се реализираат во училницата, а дел во природа.

За учениците кои нема да посетуваат Настава во природа ќе се организира настава во училиштето.

**Одговорности на раководителот, наставниците и учениците:**

Раководител на наставата во природа е Слаѓана Гаврилоска. Одговорни лица за непосредна реализација на Настава во природа се: одделенски раководители на V одделение Слаѓана Гаврилоска и Маја Тодоровска.
Во текот на Наставата во природа ќе има водич кој ќе им објасни на учениците кое е значењето на посетите. Учениците внимателно ќе следат, ќе учат нови податоци, ќе се потсетуваат на сето тоа што го научиле на училиште, а сега имаат можност истото да го видат. Преку директно набљудување и истражување децата ќе дојдат до потрајни и побогати знаења.

**Времетраење**:

Наставата во природа ќе се организира во траење од 4 дена.

**Техничка организација**:

Лиценцирана агенција која има искуство во реализирањето на ученички екскурзии и други слободни ученички активности, туристички автобус за линиски превоз со клима, микрофон и потребна документација за превоз на деца, полн пансион во објектот во кој ќе бидат сместени, остварување на сите наведени посети, осигурување, организирано присуство на водич и лекар.
Наставата во природа ќе се реализира со најмалку 50% од учениците.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите, плаќање на рати во договор со агенцијата.

**Тим за изготвување на програма за екскурзии:**

Директорот на училиштето Елеонора Трајковска – Директор и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Јусрен Селмани, Маја Тодоровска,Катица Георгиева,Славица Тренкоска,Даница Павчевиќ, Јашар Исмаили, Нуране Исмаили.

.

Скопје,Јули 2025

ПООУ ”Јоаким Крчоски”

Никиштани, Ѓорче Петров

Скопје

# Програма
# за организирање есенски излет
# за учениците од подрачното училиште I до IX одделение
# во учебната 2025/2026 година

Скопје, Јули 2025

**Еднодневен излет за учениците од подрачното училиште од I до IX одделение**

**Посета на местото ,,Шамак,, во близина на с. Никиштани, Скопје.**

**Цели на излетот**
Одмор и рекреација на учениците во еколошки чиста природна средина;
Другарување, социјализација и меѓусебно зближување на учениците.

**Задачи на излетот:**
-Развивање на позитивен однос кон престој и рекреација во природа;
-Поттикнување на позитивни емоции, другарство и толеранција;
-Развивање еколошка свест за заштита на природата и чување на чиста околина.

**Очекувани исходи:**
-Учениците да се запознат со убавините на природата во нашата околина;
-Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност, точност и грижа за себе и за другите и спортување;
-Стекнување навика за посета и престој во природата;
-Учениците да стекнат интерес за природата и да применуваат еколошки навики.

**Содржини и активности:**
Поаѓање во 8:30 часот од училиште. Од училиште до реката Лепенец се пристигнува со пешачење. По сместувањето на учениците следува слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците. Се организираат игри од натпреварувачки карактер,штафетни игри,полигони.Враќањето е повторно со пешачење, околу 15,00 часот.
Обврски на раководителот, наставниците, учениците:
Раководител на излетот е помошник директорот на училиштето Јусрен Селмани, излетот се реализира во соработка со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение.
Наставниците се грижат околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.
Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализацијата на излетот (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивни

специфични потреби). Доколку не се добиени согласности од најмалку 30% од родителите излетот нема да се реализира.

За време на реализација на излетот учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на излетот:**
Излетот се реализира еден ден, време на реализација е во месец октомври, 2025 година.

**Локации за посета и правци на патување:**
Локација избрана за реализирање на пролетниот излет е местото ,,Шамак,, во близина на с. Никиштани, Скопје. Излетот се реализира со пешачење.

**Техничката организација:**
По добивање на согласност за реализација на екскурзијата од БРО, Општина и Совет за родители, програмата се презентира пред Училишен одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата и реализацијата на екскурзијата. По добивање на согласностите од родителите Помошник директорот го организира и реализира излетот во договорениот термин.

**Начин на финансирање:**
Излетот ќе се реализира без финансиски трошоци за учениците, во непосредна близина на училиштето, во локалитет до кој учениците и наставниците ќе дојдат со пешачење од училиште и по завршувањето на излетот ќе се вратат на истиот начин.
**Тим за изготвување на програма за екскурзии:**Елеонора Трајковска – Директор, Јусрен Селмани - помошник директор, Маја Тодоровска, Катица Георгиева, Нуран Исмаили - наставници.

ПООУ ”Јоаким Крчоски”

Никиштани, Ѓорче Петров

Скопје

# Програма
# за организирање пролетен излет
# за учениците од I до IX одделение од подрачното училиште
# во учебната 2025/2026 година

Скопје, Јули 2025

**Еднодневен излет за учениците од I до IX одделение**

**Посета на Спортско - рекреативен центар - Сарај, Скопје.**

**Цели на излетот:**
Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците;
Разгледување на Спортско - рекреативен центар Сарај, запознавање со условите за живот на жителите во овој крај.

**Задачи на излетот:**
-Развивање на позитивен однос и познавање на овој локалитет, начинот како неговите жители живеат, нивната култура и друго;
-Поттикнување на позитивни ставови кон другарство, толеранција и мултикултурализам;
-Развивање еколошка свест за заштита на природните богатства на овој локалитет.
Содржини и активности:

Поаѓање во 8:30 часот од училиште. Од училиште до Спортско - рекреативен центар - Сарај, Скопје. Се пристигнува со автобуси. По сместувањето на учениците следува слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците. Враќањето е околу 15 часот.

Обврски на раководителот, наставниците, учениците:
Раководител на излетот е помошник директорот на училиштето Јусрен Селмани. Излетот се реализира во соработка со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение.

Наставниците се грижат околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на спортскиот локалитет и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

